Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 22, точка 3 од Законот за енергетика ("Службен весник на РМ" бр.16/2011 и 136/2011) и членовите 5 и 6 од Тарифниот систем за продажба на природен гас на тарифни потрошувачи ("Службен весник на РМ" бр. 94/2005, 43/2010, 9/12, 13/12 и 90/12), постапувајќи по Барањето на „МАКПЕТРОЛ ПРОМ-ГАС" ДООЕЛ-Скопје за утврдување на продажната цена на природниот гас за април 2013 година, на седницата одржана на 11 април 2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на продажна цена на природен гас**
**за месец април од 2013 година**

**Член 1**

На „МАКПЕТРОЛ ПРОМ-ГАС" - Скопје, како вршител на енергетската дејност Снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи приклучени на системот за пренос на природен гас, продажната цена на природниот гас за месец април од 2013 година, се утврдува да изнесува 27,5461 ден/$nm^3$.

Продажната цена на природниот гас од ставот 1 на овој член, ги содржи трошоците сврзани со набавката на природниот гас (набавната цена се состои од фактурна цена на природниот гас со вклучени зависни трошоци) во износ од 27,2503 ден/$nm^3$ и цена за услугата снабдување на тарифните потрошувачи непосредно приклучени на системот за пренос на природен гас во износ од 0,2958 ден/$nm^3$.

Продажната цена на природниот гас од ставот 1 на овој член, не ја содржи цената за услугите пренос и управување со системот за пренос на природниот гас во износ од 1,2465 ден/$nm^3$, а која се однесува за тарифните потрошувачи непосредно приклучен на системот за пренос на природен гас.

Надоместокот кој што треба да го платат тарифните потрошувачи непосредно приклучени на системот за пренос на природен гас, во согласност со ставовите 1 и 3 на овој член, за месец април 2013 година **во кој не е содржан данокот на додадена вредност изнесува 28,7926 ден/$nm^3$.**

Данокот на додадена вредност за вкупниот надоместок на цената на природниот гас за месец април од 2013 година, утврден во ставот 4 на овој член, изнесува 5,1827 ден/$nm^3$.

Вкупниот надоместок кој што треба да го платат тарифните потрошувачи непосредно приклучени на системот за пренос на природен гас, во согласност со став 4 и 5 на овој член, за месец април од 2013 година изнесува **33,9753 ден/$nm^3$**.

**Член 2**

Продажната цена на природниот гас од членот 1 на оваа Одлука е утврдена со примена на продажен курс на САД доларот од 48,1100 денари за еден САД долар, за месец март од 2013 година, согласно заклучницата за купопродажба на девизи.

**Член 3**

Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

МАКПЕТРОЛ „ПРОМ-ГАС“ ДООЕЛ-Скопје, со допис бр. 0702-72/1 од 05.04.2013 година и допис бр. 0702-72/2 од 08.04.2013 година до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија достави Барање за утврдување на продажната цена на природниот гас за месец април од 2013 година. Со Барањето МАКПЕТРОЛ „ПРОМ-ГАС“ ДООЕЛ-Скопје предлага највисоката продажна цена на природниот гас за месец април од 2013 година да изнесува 33,9753 ден/nm$^3$, што во споредба со цената од претходниот месец во износ од 31,5022 ден/nm$^3$ претставува зголемување од 7,85%.

Како причина за промена на крајната највисока цена на природниот гас во Барањето е наведено дека истото е условено од: промената на курсот на САД доларот, промената на увозната цена на природниот гас, повисокиот квалитет на природниот гас испорачан во месец март, отстапувањето на планираните во однос на реализираните количини за месец март, како и промената на зависните трошоци.

Согласно на одредбите од Купопродажниот договор кој Макпетрол АД-Скопје го има склучено со “Гаспром експорт“- Москва, набавната цена на природниот гас во вториот квартал од 2013 година изнесува 492,60 УСА $/1000 nm$^3$ која споредена со набавната цена на природниот гас во првиот квартал од 2013 година од 496,50 УСА$/1000 nm$^3$ е пониска за 0,785%.

Во рамките на зависните трошоци, Барателот ги засметал следните трошоци: царина и царински давачки од 0,4740 ден/nm$^3$, банкарска провизија од 0,0069 ден/nm$^3$, трошоци за банкарска гаранција од 0,2406 ден/nm$^3$, курсна разлика за месец ноември во износ -0,0146 ден/nm$^3$, курсна разлика за месец декември во износ -0,1322 ден/nm$^3$, курсна разлика за месец јануари во износ 0,2066 ден/nm$^3$, надомест за испорачан природен гас со повисок квалитет во месец февруари во износ од 0,1000 ден/nm$^3$, курсна разлика за месец февруари во износ 1,7339 ден/nm$^3$, надомест за испорачан природен гас со повисок квалитет во месец март во износ од 0,4359 ден/nm$^3$ , надомест за ненадоместени курсни разлики и зависни трошоци за 2011 година во износ од 0,0002 ден/nm$^3$ и надоместок за трговецот утврден во апсолутен износ од 0,5000 ден/nm$^3$.

Барателот во месец април од 2013 година планира да испорача 3.148.691 nm$^3$ природен гас.

Барањето за крајната највисока цена на природниот гас е заснован на вредноста на САД доларот од 48,11000 ден/$ (за месец март, согласно заклучницата за купопродажба на девизи), која споредена со вредноста на курсот на САД доларот кој беше применет во претходниот месец од 47,4500 ден/$ е повисока за 1,391%.

Во Одлуката на Регулаторната комисија за енергетика крајната највисока продажна цена на природниот гас изнесува 33,9753 ден/nm$^3$, што во споредба со цената од претходниот месец во износ од 31,5022 ден/nm$^3$ претставува зголемување од 7,85%. Во крајната највисока продажна цена на природниот гас содржана е увозната цена на природниот гас од 492,60 $/1000 nm$^3$, односно согласно курсот на денарот и зависните трошоци, набавна цена од 27,2503 ден/nm$^3$, потоа цената на услуга снабдување од 0,2958 ден/nm$^3$, цената на услугата пренос и управување со системот за пренос на природен гас од 1,2465 ден/nm$^3$, како и ДДВ во апсолутен износ од 5,1827 ден/nm$^3$ .

Во рамките на зависните трошоци, пресметани се следните трошоци: царина и царински давачки од 0,4740 ден/nm$^3$, банкарска провизија од 0,0069 ден/nm$^3$, трошоци за банкарска гаранција од 0,2406 ден/nm$^3$, курсна разлика за месец ноември 2012 година во износ -0,0146 ден/nm$^3$, курсна разлика за месец декември 2012 година во износ -0,1322 ден/nm$^3$, курсна разлика за месец јануари 2013 година во износ 0,2066 ден/nm$^3$, надомест за испорачан природен гас со повисок квалитет во месец февруари 2013 година во износ од 0,1000 ден/nm$^3$, курсна разлика за месец февруари 2013 година во износ 1,7339 ден/nm$^3$, надомест за испорачан природен гас со повисок квалитет во месец март 2013 година во износ од 0,4359 ден/nm$^3$ , надомест за ненадоместени курсни разлики и зависни трошоци за 2011 година во износ од 0,0002 ден/nm$^3$ и надоместок за трговецот утврден во апсолутен износ од 0,5000 ден/nm$^3$.

Специфичните трошоци по поодделни позиции се пресметани со планирана количина на природен гас за испорака во месец април од 2013 година од 3.148.691 nm$^3$.

Согласно напред изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба, до Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката, преку Регулаторната комисија за енергетика, во рок од 15 дена од денот на објавување на Одлуката во „Службен весник на Република Македонија“, согласно членот 31, став 1 од Законот за енергетика.

**УП1 Бр. 08-54/13**
**11.04.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Димитар Петров**